KNOWLEDGE – International Journal
Vol.31.5
June, 2019

# COMBATING MONEY LAUNDERING AS A PART OF TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME-CRIMINAL LAW METHODS AND PROBLEMS

**Tatijana Ashtalkoska-Baloska**
FON Universtiy Skopje, N. Macedonia, tatijana.ashtalkoska@fon.edu.mk
**Aleksandra Srbinovska-Doncevski**
FON University Skopje, N. Macedonia, aleksandra.srbinovska@fon.edu.mk

**Abstract:** Money laundering its serious problem which threatens global financial system for a long time, hence measures against money laundering are part of one global system of criminal justice and policy against transnational organized crime, starting with predicting actions as criminal offences, precision its basic elements, giving priority of property sanctions and measures as a part of penal policy against this type of crime, but also finding new mechanism, in a way of detection and procedure of these illicit actions. This notion covers various activities directed against legalization of money acquired with committing crime, and therefore the center of injustice is exactly in covering criminal origin of money and including in legal financial flows.
Although, in terms of detection and combating of this phenomenon, apart from the basic criminal offense, the money laundering operation itself and the predicate act often constitute a problem with regard to processing, which, if is not proved can constitute an additional obstacle of the procedure against the basic offence, as well as seizure of funds that are illegally obtained through such criminal activities.
In this regard, the aim of this paper is to emphasize the necessity of building a global anti-money laundering system containing legislative measures as a first step in the control of money laundering and institutional restructuring for the effective enforcement of the existing criminal legislation. Criminalization and control of money laundering is complemented by confiscation of property and property gain acquired by such criminal activity, as measure which should enable reduction of financial power of criminal offenders and possibility of further committing of crime.
**Keywords:** money laundering, criminal offence, measures, confiscation, organized crime

# СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕТО ПАРИ КАКО ДЕЛ НА ТРАНСНАЦИОНАЛНИОТ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ-КАЗНЕНО-ПРАВНИ МЕТОДИ И ПРОБЛЕМИ

**Татијана Ашталкоска-Балоска**
ФОН Универзитет Скопје, tatijana.ashtalkoska@fon.edu.mk
**Александра Србиновска-Дончевски**
ФОН Универзитет Скопје, aleksandra.srbinovska@fon.edu.mk

**Абстракт:** Перењето пари претставува сериозен проблем кој веќе подолго време го загрозува глобалниот финансиски систем, па оттука и мерките насочени против перењето пари претставуваат дел на глобалната криминална политика против организираниот транснацинален криминал, почнувајќи од предвидувањето на дејствијата како казнени дела, прецизирање на неговите основни елементи, давање предност на имотните санакции и мерки како дел на казнената политика против овој облик на криминал но и изнаоѓање на нови механизими во насока на откривање и процесуирање на ваквите дејстивја.
Овој поим ги опфаќа различните активности насочени кон легализација на парите стекнати со извршување криминални дејствија, а тежиштето на неправото се состои токму во прикривањето на криминалното потекло на парите и вклучување во легалните финансиски текови. Меѓутоа, во однос на откривањето и сузбивањето на оваа појава освен основното казнено дело, самата операција на перење пари и предикативното дело често претставува проблем во поглед на процесуирањето, кое доколку не се докаже може да претставува дополнителна пречка за водење на постапката кон основното дело, како и одземање на средствата кои нелегално се остварени преку ваквите криминални дејствија.
Во таа насока, целта на овој труд е да ја нагласи неопходноста од изградба на глобален систем против перењето пари кој ќе содржи легислативни мерки, како прв чекор врз контролата на перењето пари и институционално преструктруирање за ефективна примена на постојното кривично законодавство. На криминализацијата и контролата на перењето пари, се надоврзува и конфискацијата на имот и имотна корист стекната со ваквата криминална активност, како мерка која треба да овозможи намалување на финансиската моќ на сторителите на казнени дела и можноста за натамошно криминално однесување.
**Клучни зборови**: перење пари, казнено дело, мерки, конфискација, организиран криминал.

**ВОВЕД**

Наједноставна дефиниција за поимот перење пари претставува претворањето на “црни пари во зелени”[199] , која иако не ги опфаќа сите елементи на појавата, овозможува приближување до суштината на овој глобален проблем.

Огромен износ на парични средства се вртат во светските организации и институции како дел на приливот на т.н. “сиви пари” кои имаат сериозни импликации врз домашната и меѓународната економска стабилност[200]. Кога организираниот криминал инвестира во легални бизниси, тој настојува да доминира на пазарот и да предизвика високи цени, корупција и изнуди, со цел на секаков начин да обезбеди не само легитимен, туку и максимален профит.[201] Перењето пари претставува и посебен вид организиран криминал, чија цел е парите или имотот стекнати на нелегален начин, да се внесат во легалните финансиски текови, да се “измие” нивното криминално потекло и да се припојат кон останатите средства во системот, со што ќе се оневозможи разликување на илегалното од легално стекнатото богатство.[202] Како процес на трансформација на нелагалните пари во легитимни пари, перењето пари се остварува во три фази. Првата фаза претставува отстранување на фондовите кои се во директна врска со криминалната активност, односно пласман на средствата, физичко распоредување на готовината стекната со криминална активност.

Втората фаза, прикривање значи одвојување на нелегалните добивки од нивниот извор, преку креирање комлексни прикриени финансиски трансакции, со цел да се сокрие секаква трага и да се обезбеди анонимност, а третата фаза интеграција, претставува обезбедување легитимност на незаконски стекнатите богатства.

Пласманот претставува продажба на нечистите пари, резултат на криминални активности и се смета за една од најризичните фази во процесот на перење пари. Прикривањето е зголемување на бројот на финансиски трансакции со цел да се одвојат од нелегалниот извор на парични средства, а интеграцијата како последна фаза, доколку претходната е успешна, обезбедува вградување на испраните пари во легалната економија.

Овие три основни фази на процесот перење пари можат да се појават, одделно и изолирано како посебни чекори или пак заедно како единствена целина. Како и да е, перењето пари се однесува на криминалната дејност на поедници и групи кои тежнеат валканите пари, стекнати со вршење казнено дело, да ги исперат за да се загуби секоја трага на нивното потекло. Кон ова прибегнуваат многубројни актери од криминалниот свет, од ситни дилери до тешки криминалци, кои со бројни илегални активности прибираат огромни суми на пари. Перењето пари во себе опфаќа различни методи преку кои криминалците го прикриваат потеклото на нелегалниот износ на парични средства со единствен мотив за здобивање со пари, имот и останати добра. Тоа најчесто го вршат со прикривање на вистинската сопственост и потеклото на приносите, остварување контрола над нив и на крај промена на формата со цел да се намали износот на готовина создадена со првичните криминални активности. Тука, станува збор за ,,бизнис,, кој денес се рангира како трет по обем во финансискиот сектор. Перачите на пари најчесто се заинтересирани за инвестиции на валканите пари, некогаш домашни, се почесто интернационални, со кои ќе остварат високи профити, а парите ќе ги претворат во легитимни.

Ваквата појава создава проблеми во меѓународниот финансиски систем, нанесувајќи значајни штети врз светската економија. Од тие причини и интересот за перењето пари како извор за остварување на противправна имотна корист станува се поголем. Се смета дека појавата на перењето пари е во директна врска со активностите на транснационалните криминални организации, чиишто активности се многубројни, разновидни и пред се насочени кон стекнување на огромни финансиски добивки.

**Откривање и контрола на незаконските приноси на капитал**

Постојат повеќе причини поради кои е неопходно спречување на перењето пари и навлегување на испраните пари во легитимниот финансиски систем. Гледано од аспект на интересите на националните влади, отсуството на превенција за перење пари придонесува за зголемување на степенот на криминалитет, на тој начин што им овозможува на криминалците да имаат корист од криминалните дејствија. Ова го прави

[199] Вилијамс Фил, Транснационалниот организиран криминал и националната и меѓународната безбедност-глобална проценка, Безбедност бр.3/96, стр 24

[200] Guilhem Fabre, Prospering on crime: money laundering and financial crisis, Working paper no. 9 2005, http://www.lu.se/images/Syd_och_sydostasienstudier/working_papers/Fabre.pdf, стр. 2

[201] Gilmore William, Dirtu Money, The evaluation on money laundering Counter-measures-Council of Europe, 1995, стр 20

[202] Камбовски В. и Наумоски П., Корупцијата- најголемо општестевно зло и закана за правната држава, Влабор-Скопје, 2002 г.,стр. 53

криминалот уште поатрактивен, овозможувајќи им на криминалните организации и понатаму да финансираат криминални активности. Второ, неконтролираното користење на финансискиот систем за целите на перење пари, може да ги загрози индивидуалните финансиски институции, а како резултат на тоа и целиот финансиски сектор. Исто така, преку големите трансфери на капитал, тоа може да предизвика и намалување на довербата на јавноста во правниот и финансискиот систем, а тоа пак придонесува за зголемување на економскиот криминал. И на крај, акумулирањето на економска и финансиска моќ во рацете на криминалните организации и поединци, може да ги загрози националните економски и демократски системи, особено кај земјите во развој или транзиција, кај кои се спроведуваат економски реформи.

Одредбите на Виенската и Стразбуршката Конвенција, 40-те препораки на ФАТФ и Конвенцијата од Палермо се основните меѓународни документи со кои од земјите се бара криминализирање на феноменот перење пари. Сите овие меѓународни правни акти речиси на еднаков начин ги одредуваат карактеристиките на казненото дело перење пари кое се состои во намерно преземање на некоја од следните активности: конверзија или трансфер на имот, прикривање, преправање на природата или изворот на имотот кој е резулатат на казнено дело, поседување, користење, учество или употреба на имот и здружување поради вршење, обид поттикнување олеснување или советување да се изврши казнено дело перење пари. Инкриминацијата на перењето пари ја зафаќа последната фаза на претходните криминални активности и нивниот материјален резултат. Притоа, најголеми разлики во дефинирањето на казненото дело перење пари во националните законодавства постојат во утврдувањето на претходните казнени дела од кои потекнуваат криминалните приноси, односно предикативните дела. Најсеопфатна дефиниција за поимот перење пари е дефиницијата прифатена од групата Г-10 и ФАТФ, односно дека тоа е процес преку кој добивките за кои основано се верува дека потекнуваат од криминална активност се транспортираат, трансферираат, конвертираат или вградуваат во легалните фондови, со цел да се прикрие нивното потекло, изворот, движењето или сопственоста.

Целта на процесот на перење пари е преку нелегалните активности да овозможи овие средства да се појават како легални, а лицата вклучени во криминалните активности да ги избегнат легалните последици од таквото дејствије. Земјите членки на ФАТФ понатаму продолжуваат да ги прошируваат своите закони за перење пари во однос на проширување на листата на предикативни казнени дела, конфискацијата, подобрување на ефикасноста на административните служби кои постапуваат со сомнителни трансакции и унапредување на меѓународната соработка. Како една од мерките кои се преземаат во сузбивање на перењето пари покрај криминализацијa на појавата во 40-те препораки на ФАТФ се предвидуваат, правила за чување на досиеја и идентификација на клиенти, зголемување на надлежностите на финансиските институции, зголемување на улогата на контролните и останатите административни власти, размена на општи информации, размена на информации во врска со сомнителни транскции, привремени мерки и конфискација на имотот кој потекнува од дејствија на перење пари. Мерките и барањата за ефективна борба со перењето пари во последно време се повеќе се зголемуваат, но сепак се чини дека наспроти напредокот во обемот на регулативата, бројот на служби, агенции и институции кои му се спротивставуваат на овој феномен, не е доволна само законска рамка и поставеност на службите туку пред се, способност за употреба на ваквата рамка за контрола на перењето пари.

## КАЗНЕНОПРАВНИ МЕТОДИ И ПРОБЛЕМИ

За да се сузбие ваквата негативна појава, меѓународната заедница пристапува кон нормативно уредување на правата и обврските на одделни земји, со донесување на меѓународни правни акти со кои се инкриминираат активностите што претставуваат елементи на казненото дело перење пари[203]. Во согласност со меѓународните стандарди содржани во меѓународните правни акти државите во своите национални закони го предвидуваат како посебно казнено дело перење пари, предвидувајќи доста тешки казни за неговите извршители.

Меѓународна основа за инкриминирање на перењето пари како што беше нагласено, претставуваат, Виенската конвенција на ОН за незаконски промет со наркотични дроги и психотропни супстанции од 1988 година и Конвенцијата за перење, потрага, замрзнување и конфискација на приноси од криминал од 1990 год. Виенската конвенција содржи дефиниција за поимот перење пари, која претставува основа за дефинициите содржани во останатите меѓународни документи и во националните законодавства. Таа е прв

---

[203] MASCIANDARO DONATO, COMBATING BLACK MONEY: MONEY LAUNDERING AND TERRORISM FINANCE, INTERNATIONAL COOPERATION AND THE G8 ROLE, 2004, HTTP://WWW.G7.UTORONTO.CA/CONFERENCES/2004/INDIANA/PAPERS2004/MASCIANDARO.PDF, СТР. 2

меѓународен документ во врска со криминализирањето на перењето пари и конфискацијата на криминалните приноси како една од комплексните мерки за спречување на прометот со droги.

Вториот позначаен меѓународен документ кој дава сеопфатна дефиниција за перењето пари е Стразбуршката конвенција која е целосно посветена на казнување на перење пари без разлика дали парите се прибавени со трговија со дрога или со други казнени дејствија. Конвенцијата содржи обврска за државите за инкриминирање на перењето пари во своите закони и преземање на соодветни мерки за превенција и репресија на оваа појава.

Ефикасното сузбивање на овој облик на криминалитет, меѓутоа не може да се обезбеди само со предвидување на казнено-правни забрани. Тие се само дел на еден поширок систем на прописи, пред се финансиски, каде преку посебни обврски за пријавување на финансиски трансакции над определен износ или пријавување на сомнителни трансакции и сл., ќе се обезбеди контрола на паричните текови и платниот промет.

Значајно место во сузбивањето на оваа појава има и одвојувањето на сторителите на казнени дела од нелегално стекантиот имот и имотна корист, односно конфискацијата на криминални приноси. Оваа мерка е доста значајна од аспект на перењето пари, со оглед на тоа дека загриженоста на криминалците затоа дека нивните криминални приноси можат да бидат конфискувани, претставува основен фактор кој ги мотивира за перење на криминалните приноси. Поради тоа постоењето на ефективен систем за конфискација претставува неопходна компонента на мерките против перењето пари во секоја земја.[204]

Притоа, може да се забележи дека обврската за конфискација се однесува на инструменти и предмети или имот чија вредност одговара на овие предмети, на било кое казнено дело (Глава II чл.2 од Стразбуршката конвенција)[205]. Заради конфискација на таквиот имот, во националните законодавства треба да се предвидат можности за идентификација и истражување на имотот, за да се спречи секое дејствие, трансфер или отуѓување на овој имот (Глава II чл.3). Предмет на конфискација претставува добивката стекната со казнено дело независно дали истото е пресудено во таа или во друга држава.

Казнената постапка со која се изрекува конфискација содржи финансиската истрага за одземање и конфискација на приходите од криминал. Посебни финансови служби се занимаваат исклучиво со проверка на сомнителни и несекојдневни трансакции за кои поднесуваат специјални извештаи.

Ова има важна импликација за успешно спроведување на правните прописи од страна на правосудството. Во зависност од видот на ваквите финансиски служби тие се вклучуваат директно во самата казнена постапка или пак во претказнената, со давање на информации на полицијата. Тоа значи дека во постапката во која се спроведува конфискацијата се инволвирани, полициските служби, јавното обвинителство, судот, како и финансиската полиција и финансиските инспектори.

Последниве неколку години се зголемува и потребата од поинтензивна меѓународна соработка во врска со оваа мерка и прифаќање на основните принципи во предвидување и примена на конфискацијата во националните закодавства. Најзастапена форма на имплементација на конфискацијата во националните закондоавста претставува поврзувањето со сериозен криминал и можноста од конфискација имотот или на соодветна вредност.[206] Значајно внимание во меѓународната соработка на овој план се посветува на постапувањето по барањето на друга држава за идентификација, замрзнување и конфискација на пари или друг имот, во вредност на криминалните приноси.

Во случај на вакво барање може да произлезат проблеми при спроведувањето на ваквата меѓународна казнено-правна помош поради различните стандарди за одредување на потеклото на добрата кои ги поседува едно лице. Државите во кои е прифатен принципот дека целиот имот или дел од него што го поседува осуденото лице претставува принос од казнено дело за кое што лицето е осудено, можат да наидат на тешкотии во уверувањето на другата држава до која е доставено барањето, доколку таму се бара утврдување на причинска врска на казненото дело и имотот со правосилна судска пресуда, пред да биде

[204] Тасева Слаѓана, Перење пари, Дата Понс, Скопје, 2003стр. 125

[205] Во член 1 Конвенција за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со казнено дело усвоена ос Советот на Европа во 1990 год. , позната како Стразбуршка ковенција, ја дефинира конфискацијата како казна или мерка изречена од страна на судот по спроведената постапка за извршено едно или повеќе казнени дела, казна или мерка која води кон одземање на имотот (Глава I чл. 1)

[206] Пошироко Häkkinen Kaisa, Law and Economic Analysis of Confiscating the Proceeds of a Crime, a University of Joensuu, Department of Business and Economics, http://www.vatt.fi/file/vatt_publication_pdf/k290.pdf стр. 217

донесена каква и да е одлука. Проблеми постојат и во однос на определбата на државите за еден од двата системи на конфискација на имот или конфискација на определена вредност и можноста за конфискација во граѓанска постапка во одделни држави.

Поради тоа во последно време сé почесто се поставуваат барања за засилување на обврските за ратификација и целосна имплементација на меѓународните правни акти кои ја регулираат конфискацијата на имот и имотна корист прибавена со казнено дело, особено проширената конфискација и создавање услови за остварување на една нова стратегија во борбата со овој облик на организираниот криминал.

## ЗАКЛУЧОК

Создавањето на воедначена меѓународна правна рамка во однос на спречувањето на перењето пари како посебно казнено дело и како дел транснационалниот организиран криминал, претставува конструктивна основа за натамошна реализација на залагањата на меѓународната заедница за сузбивање на овие облици на криминал. Ваквите напори, нужно налагаат и извесни остапувања од досегашната правна практика, легислативната поставност, правните принципи, но и судската пракса во однос на процесуирањето и фокусирањето кон основите елементи на неправото, неговите мотиви и последиците кои ги предизвикува, не само во противправноста и повредата на конкретниот објект на заштита туку и пошироките, како повреда и попречување на глобалниот финансиски систем и неговите правила на ондесување. Оттука, проблемите кои налагаат дополнителни интервенции во однос на поставеноста на предикативното казнено дело, користењето на претпоставки во текот на казнената постапка во однос на неговото постоење, како и во однос на имотот кој сторителот на тоа казнено дело го оставрил во претходните пет или повеќе години, со други казнени дела кои не се предмет на постапката, треба што побрзо да се прифатат не само легислативно, бидејќи во повеќето држави истите се дел на позитивното право, туку и имплементативно, во судската пракса, но внимателно, тргнувајќи од целта поради кои се прифатени, а не во насока на нивна злоупотреба и прекумерно навлегување во човековите слободи и права.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Gilmore W., Dirtu Money, The evaluation on money laundering Counter-measures-Council of Europe, 1995,

Guilhem F., Prospering on crime: money laundering and financial crisis, Working paper no. 9 2005, http://www.lu.se/images/Syd_och_sydostasienstudier/working_papers/Fabre.pdf,

Häkkinen K., Law and Economic Analysis of Confiscating the Proceeds of a Crime, a University of Joensuu, Department of Business and Economics, http://www.vatt.fi/file/vatt_publication_pdf/k290.pdf

Masciandaro D., Combating black money: Money laundering and terrorism finance, international cooperation and the G8 role, 2004, http://www.g7.utoronto.ca/conferences/2004/indiana/papers2004/masciandaro.pdf,

Ашталкоска Т., Економско казнено право, ФОН Универзитет, Скопје, 2018

Вилијамс Ф., Транснационалниот организиран криминал и националната и меѓународната безбедност- глобална проценка, Безбедност бр.3/96,

Камбовски В. и Наумоски П., Корупцијата- најголемо општестевно зло и закана за правната држава, Влабор- Скопје, 2002 г.,

Конвенција за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со казнено дело усвоена ос Советот на Европа во 1990 год. , позната како Стразбуршка ковенција, ја дефинира конфискацијата како казна или мерка изречена од страна на судот по спроведената постапка за извршено едно или повеќе казнени дела, казна или мерка која води кон одземање на имотот (Глава I чл. 1)

Тасева С., Перење пари, Дата Понс, Скопје, 2003

Тупанчески Н., Економско казнено право, Правен факултет Јустинијан Први, Скопје, 2015